Кошаркарска Федерација на Северна Македонија

# КОМЕСАР ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

ДО ЗДРУЖЕНИЕ НА КЛУБОВИ ОД ПРВАТА ЛИГА МАЖИ

СИСТЕМ ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ ЗА СЕЗОНАТА 2024/2025 ГОДИНА

Согласно членот 9 од Правилникот за натпреварување на КФСМ, ви го доставувам следниот систем за натпреварување во Првата лига мажи за сезоната 2024/2025 година.

1. Прва лига - мажи со 12 екипи:

Прв дел:
Се игра лига со дванаесет (12) екипи, двокружен бод систем - ФИБА-БЕРГЕР, дваесет и две кола (22) кола, по принцип:

- Секој со секого, односно, еднаш дома, еднаш на гости.

Натпреварувачките броеви се одредуваат со ждрепка, пред почеток на првенството.

Втор дел за првите осум екипи по пласманот од првиот дел:
Плеј-оф: Прво пласираните осум (8) екипи играат плеј-оф за титула државен првак.

Четврфинале (1/4): Се игра во три (3) добиени натпревари од најмногу пет (5) можни натпревари, по следниот распоред (2-2-1):

Двојка 1: (1-8), (1-8), (8-1), (8-1), (1-8);
Двојка 2: (2-7), (2-7), (7-2), (7-2), (2-7);
Двојка 3: (3-6), (3-6), (6-3), (6-3), (3-6);
Двојка 4: (4-5), (4-5), (5-4), (5-4), (4-5).

Полуфинале (1/2): Се игра во три (3) добиени натпревари од најмногу пет (5) можни натпревари, по следниот распоред:

Двојка 1: Победникот од двојка 1 и 4, (1-4), (1-4), (4-1), (4-1), (1-4), по системот 2-2-1;
Двојка 2: Победникот од двојка 2 и 3, (2-3), (2-3), (3-2), (3-2), (2-3), по системот 2-2-1.

Финале: Победниците од полуфиналните натпревари, односно Двојка 1 и Двојка 2, играат финална серија на плеј-офот, во три (3) добиени натпревари од најмногу пет (5) можни натпревари, по следниот распоред: (1-2), (1-2), (2-1), (2-1), (1-2), по системот 2-2-1.

За трето (3) место: Поразените од полуфиналните натпревари, односно Двојка 3 и Двојка 4, играат серија на плеј-офот, во два (2) добиени натпревари од најмногу три (3) можни натпревари, по следниов распоред: (3-4), (4-3), (3-4), по системот 1-1-1.

При евентуалното поминување на екипите од четвртфинална (1/4) фаза во полуфинална (1/2) фаза, и од полуфинална (1/2) фаза во финална фаза, доколку серијата заврши со 3:0, или 3:1, датумите за одигрување на натпреварите ќе се поместат напред.

Во четвртфиналната (1/4) фаза, првиот натпревар се игра на теренот на подобро пласираната екипа, а во полуфиналната (1/2) и финална фаза и натпреварите за третото место во зависност од успехот на екипите во претходната фаза.

Победникот на финалната серија на плеј-оф разигрувањето е ДРЖАВЕН ПРВАК ВО КОШАРКА ЗА ТЕКОВНАТА СЕЗОНАТА 2024/2025 година.

Втор дел, или Плеј аут лига за четирите последнопласирани екипи:

Екипите пласирани од деветтото (9) до дванаесеттото (12) место ги добиваат натпреварувачките броеви според пласманот по завршувањето на првиот дел од првенството, односно дваесет и две (22) кола.

Сите бодови од првиот дел на првенството, односно дваесет и две кола (22), се пренесуваат во Плеј аут лигата.

Распоредот на натпреварите се одредува според ФИБА-БЕРГЕР систем за четири (4) екипи, согласно пласманот, шест (6) кола, односно:

- Секој со секого по принципот, еднаш дома, еднаш на гости.

Оваа одредба важи за секоја лига, согласно бројот на екипи во лигата.

Последнопласираните две (2) екипи од Првата лига мажи испаѓаат во Втората лига мажи за сезона 2025/2026 година.

РАСПОРЕД ЗА ОДИГРУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРИТЕ
ЗА СЕЗОНА 2024/25 ГОДИНА

| 2024 ГОДИНА | | |
|---|---|---|
| СЕПТЕМВРИ | | |
| ДАТУМ | ДЕН | КОЛО / НАСТАН |
| 28 | САБОТА | СУПЕР КУП, „Драган Василов - Цевка“ |
| ОКТОМВРИ | | |
| 5/6 | САБОТА/НЕДЕЛА | 1 КОЛО |
| 12/13 | САБОТА/НЕДЕЛА | 2 КОЛО |
| 19/20 | САБОТА/НЕДЕЛА | 3 КОЛО |
| 26/27 | САБОТА/НЕДЕЛА | 4 КОЛО |
| НОЕМВРИ | | |
| 2/3 | САБОТА/НЕДЕЛА | 5 КОЛО |
| 9/10 | САБОТА/НЕДЕЛА | 6 КОЛО |
| 16/17 | САБОТА/НЕДЕЛА | 7 КОЛО |
| 21 | ЧЕТВРТОК | РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА (МКД - ЛТУ) |
| 24 | НЕДЕЛА | РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА (ЛТУ - МКД) |
| 30/(1.12) | САБОТА/НЕДЕЛА | 8 КОЛО |
| ДЕКЕМВРИ | | |
| 7/8 | САБОТА/НЕДЕЛА | 9 КОЛО |
| 14/15 | САБОТА/НЕДЕЛА | 10 КОЛО |
| 21/22 | САБОТА/НЕДЕЛА | 11 КОЛО |
| 25 | СРЕДА | 12 КОЛО |

| 2025 ГОДИНА | | |
|---|---|---|
| ЈАНУАРИ | | |
| 11/12 | САБОТА/НЕДЕЛА | 13 КОЛО |
| 18/19 | САБОТА/НЕДЕЛА | 14 КОЛО |
| 25/26 | САБОТА/НЕДЕЛА | 15 КОЛО |
| ФЕВРУАРИ | | |
| 1/2 | САБОТА/НЕДЕЛА | 16 КОЛО |
| 8/9 | САБОТА/НЕДЕЛА | 17 КОЛО |
| 14 | ЧЕТВРТОК | 1/4 ФИНАЛЕ - КУП НА РСМ, „Благоја Георгиевски - Буштур“ |
| 15 | ПЕТОК | 1/2 ФИНАЛЕ - КУП НА РСМ, „Благоја Георгиевски - Буштур“ |
| 16 | САБОТА | ФИНАЛЕ - КУП НА РСМ, „Благоја Георгиевски - Буштур“ |
| 21 | ПЕТОК | РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА (ЕСТ - МКД) |
| 24 | ПОНЕДЕЛНИК | РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА (МКД - ПОЛ) |

| МАРТ | | |
|---|---|---|
| 1/2 | САБОТА/НЕДЕЛА | 18 КОЛО |
| 8/9 | САБОТА/НЕДЕЛА | 19 КОЛО |
| 15/16 | САБОТА/НЕДЕЛА | 20 КОЛО |
| 22/23 | САБОТА/НЕДЕЛА | 21 КОЛО |
| 29/30 | САБОТА/НЕДЕЛА | 22 КОЛО |
| АПРИЛ | | |
| 5/6 | САБОТА/НЕДЕЛА | 1/4 ФИНАЛЕ 1 / ПЛЕЈ АУТ 1 |
| 9 | СРЕДА | ПЛЕЈ АУТ 2 |
| 12/13 | САБОТА/НЕДЕЛА | 1/4 ФИНАЛЕ 2 / ПЛЕЈ АУТ 3 |
| 16 | СРЕДА | ПЛЕЈ АУТ 4 |
| 19/20 | САБОТА/НЕДЕЛА | 1/4 ФИНАЛЕ 3 / ПЛЕЈ АУТ 5 |
| 23 | СРЕДА | 1/4 ФИНАЛЕ 4 / ПЛЕЈ АУТ 6 |
| 26/27 | САБОТА/НЕДЕЛА | 1/4 ФИНАЛЕ 5 |
| МАЈ | | |
| 3/4 | САБОТА/НЕДЕЛА | 1/2 ФИНАЛЕ 1 |
| 10/11 | САБОТА/НЕДЕЛА | 1/2 ФИНАЛЕ 2 |
| 17/18 | САБОТА/НЕДЕЛА | 1/2 ФИНАЛЕ 3 |
| 21 | СРЕДА | 1/2 ФИНАЛЕ 4 |
| 24/25 | САБОТА/НЕДЕЛА | 1/2 ФИНАЛЕ 5 |
| 28 | СРЕДА | ФИНАЛЕ 1 / ЗА 3-ТО МЕСТО 1 |
| 31 | САБОТА | ФИНАЛЕ 2 / ЗА 3-ТО МЕСТО 2 |
| ЈУНИ | | |
| 4 | СРЕДА | ФИНАЛЕ 3 / ЗА 3-ТО МЕСТО 3 |
| 7 | САБОТА | ФИНАЛЕ 4 |
| 11 | СРЕДА | ФИНАЛЕ 5 |

НАПОМЕНА: Федерацијата го задржува правото за промена на распоредот, доколку за тоа има причини.

ПРИМЕР: Доколку екипите на КК „МЗТ Скопје Аеродром“ од Скопје, КК „Пелистер“ од Битола и КК „Работнички“ од Скопје, не се пласираат во Плеј офот на АБА 2 лигата, календарот ќе претрпи дополнителни измени за натпреварувачката сезона 2024/25, односно ќе заврши порано.

Комесар за натпреварување,

Александар Милојевиќ